Здружението на Македонските Друштва во Швајцарија, на своето Генерално Собрание одржано на 22 февруари 2004 год. во 6234 Триенген (Triengen) Швајцарија го усвои следниот изменет и дополнет статут:

# С Т А Т У Т

НА

# ЗМД

# ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНСКТИЕ ДРУШТВА

ВО

# ШВАЈЦАРИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Означување**
Под името Заедница на Македонските Друштва во Швајцарија (ЗМД) – формирано на 09.05.1992 год. се води самостојно, независно, невладино и непартиско здружение на македонкси граѓани обединети во македонски друштва и асосијации на територијата на швајцарската конфедерација.

**Член 2**
**Име и адреса**
Полнот име на асосијацијата е четворојазично и гласи:

Заедница на Македонските Друштва во Швајцарија (ЗМД)
Union des Societés Macédoniennes en Suisse (USM)
Unione del Societa Macedoniese in Svizzera (USM)
Dachverband Mazedonischer Vereine in der Schweiz (DMV)

**Член 3**
**Скратен назив**: ЗМД, USM, USM, DMV

**Член 4**
**Седиште**
Седиште и официјална адреса на ЗМД е адресата на актуелниот претседател. На денот на усвојувањето на овој статут (22.02.2004 год.) е следната адреса:

Union des Societés Macédoniennes en Suisse
c/o Nikola Mircev
Ch. Des Tileuls 10
1350 Orbe – Suisse

Член 5
**Печат**

ЗМД има свој печат во тркалезна форма на кој што е испишано полното име на ЗМД. Во средината на печатот е големата буква М (како Македонија), а во позадината на буквата М се шират шеснаесет сончеви зраци.

**Член 6**
**Правна форма**
Правната форма на ЗМД е здружение на граѓани со сите права и задачи согласно швајцарските закони (член 60фф од ЦГБ)

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 7**

**7.1** Интеграција на државјаните на Република Македонија во Швајцарија преку културни, спортски, хуманитарни и други активности кои се во согласност со статутот на ЗМД

**7.2** Меѓусебно градење, унапредување и ширење на односите и врските на државјаните на Република Македонија во Швајцарија, со швајцарските граѓани и други националности и култури во Швајцарија и надвор од неа

**7.3** Нега и култура на македонската култура, јазик и обичаи

**7.4** Координација на активностите на македонските Асосијации и Друштва (во понатамошниот текст МАД) и соработка со МАД оформени од државјани на Република Македонија во Швајцарија

**7.5** Унапредување на соработката помеѓу МАД и градење на соработка и врски со други асосијации и здруженија – независно од нивната националност, вероисповест и седиште, чии што цели и интереси се соодветни на целите и интересите на ЗМД

**7.6** Соработка со владини и невладини организации и институции во Швајцарија, Македонија и ширум светот, со цел промовирање на меѓукултурна толеранција и соработка и спроведување на хуманитарни активности и на културни и спортски проекти

## III. ЧЛЕНСТВО

**Член 8**
Членки на ЗМД можат да бидат сите заинтересирани македонски асосијации и друштва оформени од македонски државјани на територијата на Швајцарија чии што цели се соодветни со целите утврдени со овој статут.

**Член 9**
Зачленување се врши по писмен пат со пристапница. Членката има обврска редовно да плаќа членарина. Уплатувањето се врши на почетокот на секоја календарска година.

**Член 10**
Членарината се утврдува на Генералното Собрание по предлог на претседателството.

**Член 11**
Секоја МАД е застапена со по еден или два делегати - зависно од бројот на членството, со полно право на глас. За бројот на делегатите се одлучува на Генералното Собрание. Секој делегат има право на еден глас.

**Член 12**
МАД писмено ја известува ЗМД за податоците на делгатот т.е. делегатите кои се ополномоштени да ја застапуваат асоцијацијата или друштвото во ЗМД.

**Член 13**

МАД преку своите делегати, земаат учество во реализирањето на целите и задачите и сите активности на ЗМД.

**Член 14**
Членството на МАД во ЗМД може да престане:

14.1 по сопствена желба
14.2 со исклучување од страна на ЗМД

**Член 15**
Членството во ЗМД престанува по сопствена желба само со писмено барање на МАД до ЗМД. Членството престанува на денот на писмениот одговор од претседателството на ЗМД за прифаќање на одстапувањето а најдоцна триесет дена од писменото барање на членката.

**Член 16**
Генералното Собрание одлучува за исклучување од членство во ЗМД. Претседателството по писмен пат и со јасно наведена причина ја известува МАД за исклучување од членството. Причина за исклучување од членството е непочитување на статутарните одредби и спротивно делување од целите и задачите на ЗМД.

**Член 17**
Исклучената МАД има право на жалба во рок од триесет дена по добивањето на одлуката. Жалбите се доставуваат до ЗМД во писмена форма. Претседателството на ЗМД е должно да даде одговор во рок од триесет дена.

**Член 18**
Во случај на одбивање на жалбата од страна на ЗМД, исклучената МАД може, во рок од триесет дена, да поведе постапка кај правосудните органи во Швајцарија.

## <u>IV. ОРГАНИЗАЦИЈА</u>

**Член 19**
**Органи на ЗМД**

Генерално Собрание
Претседателство
Контролна Комисија

### <u>Генерално Собрание</u>

**Член 20**
Највисок орган на ЗМД е Генералното Собрание составено од сите ополномоштени делегати на МАД - членки на ЗМД.

**Член 21**
Собранието на ЗМД полноважно одлучува ако има кворум од две (2/3) третини од делегатите.

**Член 22**
Полноважни одлуки се донесуваат со едноставно мнозинство од кворумот.

**Член 23**
Генералното Собрание го свикува претседателот на ЗМД по писмен пат и тоа најмалку две недели пред одржувањето на истото.

**Член 24**

Членките на ЗМД можат со 2/3 мнозинство по писмен пат да побарат свикување на вонредно Генерално Собрание од претседателството на ЗМД.

**Член 25**
Доколку претседателството на ЗМД не одговори писмено на барањето за свикување на Генерално Собрание во рок од 30 дена, членките со 2/3 мнозинство имаат право да свикаат Генерално Собрание. Во овој случај важат иститие правила за свикување на Генерално Собрание како кај претседателството на ЗМД.

**<u>Задачи на Генералното Собрание</u>**

**Член 26**
Генералното Собрание ги има следните задачи и обврски:

**26.1** Заседува енаш годишно
**26.2** Го избира и разрешува претседателот
**26.3** Го избира и разрешва претседателството
**26.4** Усвојува годишна завршна сметка
**26.5** Усвојува годишен буџет
**26.6** Усвојува статут или измени и дополнувања на истиот
**26.7** Донесува полноважни одлуки
**26.8** Одлучува за здружување или разделување со други организации и асосијации или други облици на соработка
**26.9** Одлучува за исклучување од членство

**<u>Претседателство</u>**

**Член 27**
Претседателството на ЗМД се состои од:

**27.1** Претседател
**27.2** Подпретседател
**27.3** Секретар
**27.4** Благајник

**Член 28**
Избор на претседателството врши Генералното Собранието на ЗМД.

**Член 29**
Мандатот на членовите на претседателството трае четири (4) години. Нема ограничување на реизбор.

**Член 30**
Претседателот и секретарот се овластени, поеднинечно физички и со поединечен потпис за документи да го застапуваат друштвото секаде каде што има потреба, а во рамките на одредбите на овој статут, како и сите други правноважечки акти донесени врз база на истиот и во согласност со важечките швајцарскит закони.

**Член 31**
Претседателството на ЗМД, односно поеднинечни негови членови, во случај на политичка или материјална злоупотреба на името и имотот на ЗМД одговараат пред властите на Швајцарија.

**<u>Задачи на претседателството</u>**

**Член 32**

**32.1** Ги подготвува и свикува состаноците
**32.2** Донесува оперативна програма за работа
**32.3** Дава извештај за годишните активности и финансиското работење на ГС
**32.4** Го презентира буџетот на ГС
**32.5** Дава предлог за зачленување или разделување со други асосијации на ГС
**32.6** Донесува предлог за доделување благодарници на членови или граѓани за особени заслуги
**32.7** Донесува предлог за почесно членство
**32.8** Секој член на претседателството е должен да го извести претседателството доколку примети неправилности во работата на еден од членовите на претседателството.
**32.9** Врши и други функции согласно Статутот и законите

**<u>Претседател и задачи на претседателот</u>**

**Член 33**
Претседателот на ЗМД се бира на Генерално Собрание со мнозинство на гласови и со мандат за 4 години со право на реизбор. Претседателот на ЗМД е воедно и претседател на претседателството на ЗМД.

**Член 34**
**Задачи на претседателот**

**34.1** Ги свикува состаноците на претседателството на ЗМД
**34.2** Го свикува Генералното Собрание
**34.3** Ја претставува ЗМД пред други асосијации, организации, здруженија и институции
**34.4** Учествува на состаноци на други асосијации, организации, здруженија и институции
**34.5** Во случај на спречување за неучество во наведеното под точките 34.3 и 34.4 од овој член определува свој заменик за истите
**34.6** Е одговорен за сметката на ЗМД заедно со благајникот
**34.7** Е одговорен за својата работа пред Генералното Собрание

**<u>Потпретседател и задачи на потпретседателот</u>**

**Член 35**
Потпретседателот на ЗМД се бира на Генерално Собрание со мнозинство на гласови и со мандат за 4 години со право на реизбор. Потпретседателот на ЗМД е вообичаено заменик на претседателот и ги има истите задачи и обврски како претседателот на ЗМД во случај на отсутност на истиот од оправдани причини. Доколку е еден од трите овластени лица за сметката на ЗМД одговара пред Генералното Собрание, заедно со другиот потписник, за сите со негов потпис извршени финансиски трансакции.

**<u>Секретар и задачи на секретарот</u>**

**Член 36**
Секретарот на ЗМД се бира на Генерално Собрание со мнозинство на гласови и со мандат за 4 години со право на реизбор. Секретарот ги води записниците на состаноците на претседателството и на Генералното Собрание и врши контрола и евиденција на членството на ЗМД. Тој е вообичаено одговорен за доставување на кореспонденцијата на претседателото и претседателството до соодветните адресанти. Доколку е еден од трите овластени лица за сметката на ЗМД одговара пред Генералното Собрание, заедно со другиот потписник, за сите со негов потпис извршени финансиски трансакции.

**<u>Благајник и задачи на благајникот</u>**

**Член 37**
Благајникот се бира на Генерално Собрание со мнозинство на гласови и со мандат за 4 години со право на реизбор. Благајникот е должен уредно да води сметка за финансиското работење на ЗМД. На Генералното Собрание известува за финансиското работење и го презентира буџетот. Заедно со претседателот одговара за финансиското работење пред Генералното Собрание.

## Контролна Комисија

**Член 38**
Контролната Комисија брои три члена

**38.1** Претседател со мандат од 4 години
**38.2** Прв член со мандат од 4 години
**38.3** Втор член со мандат од 1 година

**Член 39**
Контролната Комисија ја бира Генералното Собрание. Членовите на Контролната Комисија немаат право на глас.

## Задачи на Контролната Комисија

**Член 40**
Контролната Комисија врши енаш годишно финансиска контрола

**Член 41**
Контролната Комисија го потврдува писмено и усно извештајот на благајникот на Генералното Собрание.

## V. ФИНАНСИИ

**Член 42**
Извор на финансии на ЗМД се

**42.1** Членарина
**42.2** Приходи од разни манифестации
**42.3** Доброволни прилози
**42.4** Донации
**42.5** Други извори согласно швајцарските закони

**Член 43**
Средствата се употребуваат за вршење на дејноста на ЗМД спрема Статутот и донесени акти на Генерално Собрание.

**Член 44**
Финансиската активност на ЗМД се одвива преку поштенска или банкарска сметка. Седиштето на поштенската или банкарската сметка може да се менува зависно од седиштето на потписниците на сметката со уредно заверена документација и банкарски налози. Потписници на сметката се тројца овластени – по правило претседателот, секретарот и благајникот, а важи со потпис на најмалку двајца од овластените.

**Член 45**
Заедницата на Македонските Друштва во Швајцарија делува на волонтерска база со можност за надомест на неизбежни трошкови одобрени од претседателството на ЗМД а согласно договорената сума на последното Генерално Собрание:

**45.1** Материјалните трошоци се надоместуваат само врз основа на уредни и оригинални документи (фактура, сметкопотврда и сл.)
**45.2** Патни трошкови се надоместуваат во висина на цена од јавен превоз втора класа (автобус, воз, авион и др.) врз основа на заверен патен налог
**45.3** Загуебеното слободно време не се надокнадува
**45.4** Други трошкови се надоместуваат врз база на правноважечка документација изработена врз основа на овој Статут и други акти на друштвото
**45.5** Претседателството е овластено да располага со средства за репрезентација
**45.6** Висината на годишната сума на средствата за репрезентација ја одредува Генералното Собрание на седницата на која се усвојува финансискиот извештај за претходната година

## VI. ПРЕДОНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**
ЗМД го задржува правото по потреба да врши измени и дополнувања на овој Статут.

**Член 47**
Прашањата кои не се регулирани со овој статут се уредуваат со акти на претседателството

**Член 48**
Во случај на судски спор надлежен е судот спрема седиштето на ЗМД.

**Член 49**
Овој статут стапува во сила и се применува од денот на неговот усвојување на Генералното Собраниена ЗМД, односно од 22.02.2004 год. во 6234 - Триенген, Швајцарија.

**Член 50**
Во случај на престанок на постоење на ЗМД имотот и средствата на истата се ставаат на располагање на МПЦ Св. Наум Охридски од Триенген.

| | | |
|---|---|---|
| Претседател | Секретар | Благајник |
| Никола Мирчев | Ванчо Стојанов | Македонка Мајер |